# З А П И С Н И К бр. 33

Од одржаната 33-та редовна седница на Советот на општина Зрновци на ден 12.01.2016 година со почеток во 13:30 часот.На седницата беа присутни осум советници. Председателот на Советот Благој Николов за оваа седница го предложи следниот

.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

**1**.Усвојување на Записник од 32 -та седница на Советот на општина Зрновци.

**2**.Извештај од претседателот на Совет на општина Зрновци за работа на Советот на општина Зрновци за 2015 година

**3**.Полугодишен извештај за работата на ОУ„Синиша Стоилов„од Зрновци за првото полугодие од учебната 2015/2016 година

**4**.Овластување на градоначалникот да аплицира на повик од Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија 2014-2020

**5**.Одлука за одобрување на спонзорство по повод празниците „Бадник„ и „Богојавление„

**6.**Разно.

Бидејки никој не се јави за збор Дневниот ред со седум гласа за беше усвоен.

**Т Е К  Н А  С Е Д Н И Ц А**

**1**.Усвојување на Записник од 32 -та седница на Советот на општина Зрновци.

Претседателот на Совет отвори дискусија по записникот од 32-та седница . Бидејки никој не се јави за збор истиот беше усвоен со седум гласа за .

**2**.Извештај од претседателот на Совет на општина Зрновци за работа на Советот на општина Зрновци за 2015 година

За збор се јави претседателот на Совет и ја образложи работата на советот во 2015 година која во писмена форма претходно беше доставена со материјалите за дневен ред на советниците.Претседателот на Совет образложи дека имало одредени пропусти во односите Совет -општинска администрација и рече дека ке се труди во иднина да се надминат .

За збор се јави Коце Михајлов и образложи дека не е задоволен од работата на општинската администрација бидејки одлуките кои се донесуваат од страна на Советот не се спроведуваат.Коце Михајлов побара од општинската администрација да обрне поголемо внимание на спроведување на одлуките во иднина.

За збор се јави градоначалникот Блаже Станков и образложи дека општинската администрација располага со мал број на вработени а административните работи со општествениот развој се зголемуваат и усложнуваат на што со овој број на вработени е тешко да се оговори во

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

целост на административните обврски .Градоначалникот кажа дека не е задоволен од работата на оделението за урбанизам и комуналниот редар.

Бидејки никој повеке не се јави за збор со осум гласа за извештајот од Советот беше усвоен.

**3**.Полугодишен извештај за работата на ОУ„Синиша Стоилов„од Зрновци за првото полугодие од учебната 2015/2016 година

За збор се јави претседателот на Совет Благој Николов и образложи дека директорката на училиштето не била на време информирана за оваа точка на дневен ред и нема изготвено извештај за оваа седница.

За збор се јави градоначалникот Блаже Станков и рече дека ова не е оправдување и дека требало на време да се извести и да се подготви извештај за оваа седница

Оваа точка од дневниот ред беше одложена за наредната седница на Совет.

**4**.Овластување на градоначалникот да аплицира на повик од Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија 2014-2020

За збор се јави градоначалникот Блаже Станков и на советниците им образложи дека со излегување на огласот за ИПА програмата , општина Зрновци ке конкурира со два проекти од програмата за мегугранична соработка и тоа со два проекти од кои во еден ке биде лидер на проектот а во другиот партнер каде лидер ке биде општина од Република Бугарија.

Градоначалникот го образложи искуството од претходниот проект „Валоризација на обновливи избвори на енергија „ со општина Белица.

Градоначалникот им образложи на советниците дека воопшто не е лесно спроведувањето на вакви мегудржавни проекти и дека општинската администрација нема човечки ресурси за комплетно самостојно спроведување на ваков проект поради што сме приморани да ангажираме надворешен консултант за успешно спроведување на ваков проект.

Градоначалникот кажа дека првичните размислувања се да се аплицира со по еден проект во трите населени места и тоа ;

**Зрновци :** Етно парк

Размислувањата се да се изгради Етно кука карактеристична за нашето поднебје ,со придружни објекти како амбар,фурна,ѕидан казан за печење ракија,бунар ,чешма,летна сцена со капацитет за околу 100 луге,велосипедска патека ,пешачка патека,осветлување и други придружни реквизити .

**Мородвис;**Пат од школото до локалитето

Градоначалникот кажа дека за овој пат има изготвено техничка документација

**Видовиште:**Регулација на видовишка река

За збор се јави Коце Михајлов и праша зошто во писмена форма не е доставено материал за оваа точка за да можат советниците да ја анализираат оваа идеја и да учествуват со свои идеи и сугестии.

За збор се јави градоначалникот и кажа дека овие средства преку ИПА приграмата се предвидени за туризам или заштитан а животната средина.Градоначалникот образложи дека се обидел на најсликовит начин да ги претстави идеате за изготвување на овие проекти за советниците да бидат во тек со настаните а нивно право е како ке гласат по оваа точка .

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

За збор се јави Гоце Димитров и предложи доколку има можност да се ангажира некоја градежна машина да се среди патот покрај речното корито и околу мостови на Видовишка река.

За збор се јави градоначалникот кој кажа дека со регулацијата на реката ке се среди и патот покрај реката.

За збор се јави Гоце Димитров и предложи доколку има можност да се однесе струја до манастирот во Видовиште.

За збор се јави градоначалникот кој кажа дека за ова има разговарано со електростопанство и дека ова не е изводливо поради нискиот напон на мрежата во с.Видовиште.

Бидејки никој повеке не се јави за збор оваа точка беше изгласана со седум гласа за и еден воздржан.

**5**.Одлука за одобрување на спонзорство по повод празниците „Бадник„ и „Богојавление„

За збор се јави претседателот на Совет и предложи во зависност од расположливите средства на општината да се изгласа одлука за спонзорство по повод празниците „Бадник„ и „Богојавление„

Бидејки никој не се јави за збор со осум гласа за оваа одлука бешсе донесена

**Разно.**

За збор се јави Венцо Стојков кој праша до каде е со изградбата на детската градинка во Зрновци

За збор се јави градоначалникот кој образложи дека за еден месец треба да се потпиеше дофговорот со Светска банка ,доколку изборите не се јават како пречка околу распишување на тендерот.

За збор се јави Венцо Стојков и побара од градоначалникот да се интервенира за да се дислоцира земјоделската механизација од центарот на селото .

За збор се јави Кирчо Коцев и праша до каде е со изградбата на мостот на река Брегалница

За збор се јави градоначалникот и кажа дека проектот е одобрен обезбедени се средства и дека до крајот на месецот ке се распише тендер и ке се отпочне со изградба.

Бидејки никој повеке не се јави за збор седницата беше завршена во 14:40 часот.

Записничар
Кристиан Савев

Претседател на Совет
Благој Николов

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)